# Академска автономија, признавање квалификации и обезбедување квалитет во високото образование: анализа на законската рамка и предлози за унапредување

*Научно-наставен совет на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје и Форум за разумни политики*

**јуни, 2026**

## Резиме

Анализата ја разгледува законската и институционалната рамка на високото образование во Република Северна Македонија, со фокус на академската автономија, признавањето на странските квалификации и обезбедувањето квалитет.

Во рамките на проектот „Застапување за инклузивен развој“, врз основа на наодите од оваа анализа, како и на сознанијата добиени од другите проектни активности, беа подготвени и доставени амандмански предлози до Министерството за образование и наука за унапредување на законската рамка во високото образование.

И покрај значителната формална усогласеност на системот со европските стандарди и Болоњскиот процес, во практиката и понатаму се присутни централизирани механизми, административни бариери и ограничена институционална доверба, што го отежнува неговото понатамошно развивање.

Анализата укажува дека академската автономија претставува предуслов за квалитетно и конкурентно високо образование. Наместо прекумерна административна контрола, потребен е систем во кој универзитетите и научните институти ќе имаат поголема слобода во носењето академски одлуки.

Во поглед на признавањето на квалификациите се нагласува потребата од премин од централизирани и сложени процедури кон модел заснован на институционална доверба, дигитализација и мобилност. Се предлага високообразовните установи да имаат поголема улога во академското признавање на странските дипломи, во согласност со европските практики и принципите на Лисабонската конвенција.

Посебно внимание е посветено на положбата на научните институти. Анализата оценува дека институциите кои успешно поминале акредитација не треба дополнително да се ограничуваат преку законски условувања или зависност од меѓународни рангирања. Наместо тоа, квалитетот треба да се обезбедува преку силен систем на акредитација и транспарентни критериуми.

Како клучни насоки за реформа се издвојуваат: зајакнување на академската автономија, намалување на административните бариери, дигитализација на постапките, подобра интеграција на науката и високото образование, поттикнување

на мобилноста и усогласување со европските политики и стандарди.
Заклучокот е дека идниот развој на високото образование треба да се темели на автономија, институционална доверба, квалитет и меѓународна отвореност, со цел создавање поефикасен, поконкурентен и поиновативен образовен систем кој ќе придонесува за општествениот и економскиот развој на државата.

## Summary

The analysis reviews the legal and institutional framework of higher education in the Republic of North Macedonia, with a focus on academic autonomy, recognition of foreign qualifications, and quality assurance.
Within the project "Advocacy for Inclusive Growth", based on the findings of this analysis, as well as on the insights generated through other project activities, amendment proposals were prepared and submitted to the Ministry of Education and Science aimed at improving the legal framework in higher education.
Despite the significant formal compliance of the system with European standards and the Bologna Process, centralized mechanisms, administrative barriers, and limited institutional trust are still present in practice, which hinders its further development.
The analysis indicates that academic autonomy is a prerequisite for quality and competitive higher education. Instead of excessive administrative control, a system is needed in which universities, and scientific institutes have greater freedom in making academic decisions.
In terms of the recognition of qualifications, the need for a shift from centralized and complex procedures to a model based on institutional trust, digitalization and mobility is emphasized. It is proposed that higher education institutions should have a greater role in the academic recognition of foreign qualifications, in accordance with European practices and the principles of the Lisbon Recognition Convention.
Special attention is paid to the position of scientific institutes. The analysis assesses that institutions that have successfully passed accreditation should not be further limited through legal restrictions or dependence on international rankings. Instead, quality should be ensured through a strong accreditation system and transparent criteria.
Key directions for reform include strengthening academic autonomy, reducing

administrative barriers, digitalization of procedures, better integration of science and higher education, encouraging mobility, and harmonization with European policies and standards.

The conclusion is that the future development of higher education should be based on autonomy, institutional trust, quality and international openness, with the aim of creating a more efficient, competitive and innovative higher education system that will contribute to the social and economic development of the country.

# Вовед

Оваа анализа е подготвена во рамките на проектот „Застапување за инклузивен развој" и се однесува на законската и институционалната рамка во високото образование и науката во Република Северна Македонија. Нејзиниот фокус е насочен кон три меѓусебно поврзани прашања: академската автономија, признавањето на странски високообразовни квалификации и обезбедувањето квалитет во високото образование. Во рамките на проектните активности беа разгледани повеќе аспекти на важечкиот Закон за високото образование, со посебно внимание на решенијата што влијаат врз мобилноста, институционалната автономија, академското признавање и положбата на научните институти. Врз основа на оваа работа беа подготвени и доставени амандмански предлози до Министерството за образование и наука. Дополнително, во текот на подготовката на анализата, Министерството го објави и новиот Предлог-закон за високо образование на Единствениот национален електронски регистар на прописи, по што Наставно-научниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки -Скопје достави мислење и коментари во рамките на јавната расправа.

Оттука, анализата се однесува првенствено на важечката законска рамка и на потребата од нејзино унапредување. Освртот кон новиот Предлог-закон е вклучен само во оние делови каде што предложените решенија се релевантни за пошироката расправа за академската автономија, обезбедувањето квалитет, признавањето квалификации и улогата на научните институти во системот на

високото образование.

## Контекст

Високото образование има клучна улога во долгорочниот општествен, економски и демократски развој на секоја држава. Неговата функција повеќе не може да се сведе само на создавање стручни кадри. Современото високо образование истовремено создава научноистражувачки капацитет, поттикнува иновации, развива критичко мислење, ја зајакнува институционалната култура и придонесува кон конкурентноста на економијата. Во европските политики, високото образование сè почесто се третира како стратешки ресурс за развој на знаењето, социјалната кохезија и економијата заснована врз иновации.

Во Република Северна Македонија реформите во високото образование во последните две децении во голема мера се водеа низ процесот на усогласување со Болоњскиот процес и Европската област за високо образование.[1] Значајни законски и институционални промени беа спроведени во делот на циклусите на студии, ЕКТС системот, мобилноста, обезбедувањето квалитет и признавањето на квалификациите. Сепак, и покрај формалното усогласување со европските документи, останува отворено прашањето дали овие промени доведоа до суштинска европеизација на системот или претежно се задржаа на ниво на нормативно и терминолошко прилагодување.

Во повеќе области може да се забележи расчекор меѓу европската терминологија што е вградена во законската рамка и практичната логика според која системот функционира. Од една страна, законите ги препознаваат поимите мобилност, автономија, квалитет, признавање и меѓународна интеграција. Од друга страна, практиката често останува обележана со централизирано управување, административна контрола, сложени постапки и ограничена институционална доверба.

Овој расчекор е едно од најзначајните прашања за идниот развој на високото образование. Европската област за високо образование не претставува само збир

[1] European Higher Education Area (EHEA), Tirana Ministerial Communiqué, 2024.

на процедури и стандарди. Таа се заснова врз вредности како: академска слобода, институционална автономија, доверба меѓу институциите, мобилност и меѓусебно признавање. Затоа клучното прашање не е само дали домашното законодавство ги содржи потребните европски поими, туку дали создава реални услови тие принципи да функционираат во пракса.

Дополнителен предизвик претставува променетата улога на високото образование во контекст на дигиталната и зелената транзиција. Европската унија сè повеќе ги поврзува: политиките за образование, науката, иновации и економски развој засновани врз знаење. Во такви услови, универзитетите и научните институти не можат да се третираат како одвоени системи туку како дел од интегриран екосистем кој треба да создава нови знаења, компетенции и технологии.

Оттука, реформите во високото образование не можат да се сведат само на технички измени на законските решенија или на организација на студиските програми. Тие мора да ги опфатат и прашањата на: управување, автономија, обезбедување квалитет, научноистражувачка дејност, дигитализација и меѓународна интеграција. Особено важно е прашањето на односот меѓу државата и високообразовните установи. Европските реформи во високото образование во голема мера се засноваат врз принципот дека квалитетот не може да се постигне преку зголемена контрола, туку преку зголемена автономија придружена со јасни механизми на отчетност. Институциите кои имаат поголема слобода во академското, организациското и финансиското управување се истовремено и институции кои преземаат поголема одговорност за сопствените резултати.

Во македонскиот контекст, сè уште може да се забележи тенденција кон задржување на значителен број административни и централизирани механизми. Таквиот пристап ја ограничува способноста на универзитетите, факултетите и научните институти самостојно да носат одлуки во области што се директно поврзани со нивната академска одговорност. Тоа создава дополнителни административни бариери без нужно да гарантира подобар квалитет.

Покрај прашањето на автономијата, особено важно место зазема и системот на признавање на странските високообразовни квалификации. Иако европските политики сè повеќе се движат кон автоматско признавање, дигитализација на

процедурите и намалување на административните оптоварувања, домашната практика и понатаму покажува значителен степен на централизација и процедурална сложеност. Наместо да се гради систем заснован врз доверба и меѓусебно признавање, често се создаваат дополнителни административни филтри кои ја ограничуваат мобилноста на студентите и академскиот кадар.

Овие состојби добиваат дополнителна тежина ако се земе предвид демографската слика на земјата. Намалувањето на бројот на млади луѓе, емиграцијата на високообразован кадар, како и растечката меѓународна конкуренција во образовниот сектор создаваат потреба од пофлексибилен и поотворен систем на високо образование. Во спротивно, постои ризик високото образование постепено да ја изгуби својата способност да привлекува и задржува студенти, истражувачи и академски кадар.

Затоа анализата на високото образование денес не може да се води исклучиво низ призмата на законските одредби. Неопходно е да се оцени степенот до кој постојните институционални решенија навистина ги поддржуваат основните вредности на Европската област за високо образование и дали создаваат услови за развој на автономни, одговорни, иновативни и меѓународно поврзани високообразовни институции.

Во рамките на проектот „Застапување за инклузивен развој“ беа идентификувани повеќе структурни предизвици во функционирањето на системот, како и конкретни можности за негово унапредување преку измени на законската рамка. Како резултат на тие активности беа подготвени и доставени конкретни амандмански решенија и предлози за измени на законодавството до Министерството за образование и наука.[2] Овие иницијативи не претставуваат само технички интервенции во одделни членови од законите, туку дел од поширока реформска визија насочена кон зајакнување на академската автономија, олеснување на мобилноста, модернизирање на признавањето на квалификациите и усогласување на системот со современите европски политики во областа на високото

---

[2] Во април 2026 од страна на ННС на ИОХН-Скопје беа доставени Предлог-амандмани во однос на Законот за високо образование „Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18, 178/21 и 58/24.

образование и науката.

## Академската автономија како предуслов за европеизација на високото образование

Академската автономија претставува едно од темелните начела врз кои е изградена Европската област за високо образование. Од самите почетоци на Болоњскиот процес па сè до денес, таа не е само институционално право на универзитетите, факултетите и научните институти туку е и предуслов за: обезбедување квалитет, поттикнување иновации, меѓународна соработка и развој на конкурентен академски систем.

Во европски контекст, автономијата подразбира способност на високообразовните установи самостојно да донесуваат одлуки во однос на академските програми, истражувачките приоритети, внатрешната организација, меѓународната соработка и управувањето со ресурсите. Истовремено, автономијата не значи отсуство на отчетност. Напротив, современите европски модели се засноваат на рамнотежа помеѓу институционалната слобода и јавната одговорност.

Во Република Северна Македонија академската автономија е уставно и законски гарантирана категорија. Сепак, практичната примена на ова начело често останува ограничена поради постоењето на бројни механизми на административна контрола, централизација на одлучувањето и прекумерна регулација на одредени процеси.

Таквата состојба создава парадоксална ситуација во која автономијата формално постои, но не секогаш е придружена со доволен простор за институционално дејствување.

Овој расчекор меѓу нормативното и реалното е особено видлив во областите што се поврзани со признавањето на квалификациите, акредитацијата, меѓународната соработка и научноистражувачката дејност. Наместо да се зајакнува улогата на самите високообразовни установи како носители на академската проценка, во одредени случаи се создаваат дополнителни административни процедури што ја намалуваат нивната способност самостојно да одлучуваат за прашања што се во нивна директна академска надлежност.

Овој проблем е особено важен ако се има предвид дека Европската област за високо образование сѐ повеќе се развива врз основа на доверба меѓу институциите. Принципот на институционална доверба претпоставува дека универзитетите, факултетите и научните институти располагаат со доволни професионални и академски капацитети за да носат одлуки во рамките на сопствените надлежности. Улогата на државата во таков систем е да поставува општи правила, да обезбедува транспарентност и да гарантира квалитет, но не и да ја презема функцијата на академски посредник во секој поединечен случај. Во таа смисла, една од клучните слабости на досегашниот развој на високото образование е тенденцијата академската проценка да се заменува со административна процедура. Наместо одлуките да се носат врз основа на експертско академско расудување, тие често се условени од формални критериуми, бирократски процедури и централизирани механизми на одобрување. Ваквиот пристап не само што го забавува функционирањето на системот, туку создава и дополнителни трошоци за институциите, студентите, истражувачите и професорите.

Особено значајно е прашањето на односот меѓу автономијата и обезбедувањето квалитет. Во јавните дебати овие две категории понекогаш се претставуваат како спротивставени. Се создава впечаток дека поголемата автономија неизбежно води кон намалување на контролата и ризик за квалитетот. Меѓутоа, европското искуство го покажува спротивното: квалитетот не се постигнува преку постојано зголемување на административната контрола, туку преку јасни стандарди, транспарентни процедури, надворешна евалуација и доверба во институциите што ги исполнуваат тие стандарди.

Од оваа перспектива, прашањето не е дали институциите треба да имаат поголема автономија, туку како таа автономија да биде придружена со ефикасни механизми на одговорност. Наместо детално пропишување на секоја процедура, современите политики се насочуваат кон дефинирање на резултатите што треба да се постигнат. Вниманието постепено се префрла од контрола на процедурите кон оценување на исходите.

Во контекст на Република Северна Македонија, ова подразбира потреба од преиспитување на законските и подзаконските решенија што ја ограничуваат

способноста на високообразовните установи самостојно да управуваат со своите академски активности. Особено е важно да се создадат услови универзитетите и научните институти пофлексибилно да воспоставуваат меѓународни партнерства, да учествуваат во истражувачки мрежи, да развиваат нови образовни програми и да одговараат на променливите потреби на општеството и економијата.

Во рамките на проектот беа подготвени и доставени амандмански предлози кои се движат токму во оваа насока: да ја вратат академската проценка таму каде што природно припаѓа - во самите високообразовни институции. Предложените измени не се насочени кон укинување на механизмите за квалитет туку кон воспоставување порамнотежен однос помеѓу институционалната автономија и јавната одговорност. Овој пристап е особено видлив во областа на признавањето на квалификациите, каде што се предлага поголема улога на високообразовните установи во процесот на академско признавање, додека надлежните национални институции би обезбедувале стручна поддршка, координација и надзор. Таквиот модел е поблиску до европските трендови и придонесува кон зајакнување на довербата во институционалните капацитети на универзитетите и научните институти.

Автономијата има директна врска со меѓународната конкурентност на системот. Универзитетите и научните институти што располагаат со поголема слобода полесно воспоставуваат меѓународни мрежи, учествуваат во европски истражувачки проекти, привлекуваат странски студенти и развиваат иновативни форми на образование. Во услови на демографски пад и интензивна меѓународна конкуренција, овие аспекти стануваат прашање не само на академски развој туку и на долгорочна одржливост на системот. Оттука, академската автономија не треба да се сфаќа како привилегија на универзитетите, туку како инструмент за остварување на јавниот интерес. Нејзината цел е да создаде институции што ќе бидат способни самостојно да генерираат знаење, да одговараат на општествените предизвици и активно да учествуваат во европските образовни и истражувачки процеси.

Доколку реформите во високото образование навистина имаат за цел суштинско приближување кон европските стандарди, автономијата мора да биде третирана како водечки принцип при креирањето на идните политики. Без неа,

европеизацијата ризикува да остане ограничена на формално усогласување на законските текстови, без реална трансформација на институциите и нивниот начин на функционирање.

## Признавање на квалификациите: од административна контрола кон институционална доверба

Прашањето на признавањето на квалификациите претставува едно од најзначајните прашања во современото високо образование. Во услови на зголемена мобилност на студентите, истражувачите и академскиот кадар, ефикасното и транспарентно признавање на квалификациите станува предуслов за функционирање на Европската област за високо образование. Без меѓусебна доверба и без соодветни механизми за признавање, мобилноста останува ограничена, а целите на Болоњскиот процес тешко можат да се реализираат во пракса.

Во изминатите две децении европските политики во оваа област се движат во насока на постепено намалување на административните бариери и зајакнување на институционална одговорност. Главната логика на овие реформи е дека признавањето треба да биде правило, а одбивањето исклучок што мора да биде јасно образложен. Наместо кандидатот да биде должен да докажува дека неговата квалификација е еднаква на домашната, институцијата која одлучува треба да покаже дека постојат суштински разлики кои го оправдуваат евентуалното непризнавање.

Овој пристап произлегува од Лисабонската конвенција за признавање на квалификациите и претставува еден од темелните принципи на Европската област за високо образование.[3] Во суштина, станува збор за промена на перспективата: од систем заснован врз сомнеж кон систем заснован врз доверба. И покрај ваквите европски трендови, системите за признавање во голем број држави, вклучително и во Северна Македонија и понатаму носат елементи на административна

[3] Council of Europe and UNESCO, Convention on the Recognition of Qualifications concerning Higher Education in the European Region (Lisbon Recognition Convention), Lisbon, 1997.

централизација. Постапките често се долги, сложени и финансиски оптоварувачки. Наместо да го олеснуваат движењето на знаењето и луѓето, тие неретко функционираат како дополнителна бариера за мобилност.

Особено е проблематично кога процесот на признавање се третира како административна постапка во која доминира формалната проверка на документи, наместо како академска проценка на стекнатите знаења, компетенции и исходи од учењето. Во такви случаи вниманието се префрла од суштината кон формата, а институциите се фокусираат на процедурална усогласеност наместо на академска евалуација. Европските реформи во последниот период настојуваат токму да го надминат овој пристап. Насоката на развој е јасна: поедноставување на процедурите, дигитализација на процесите и јакнење на улогата на високообразовните институции.

Во овој контекст особено значајно е прашањето кој треба да ја има примарната улога во признавањето на квалификациите. Во традиционалните модели доминира централизираниот пристап во кој националните институции ја имаат главната одлучувачка функција. Современите европски трендови, меѓутоа, сè повеќе ја нагласуваат улогата на самите универзитети како носители на академската проценка. Ваквиот пристап се темели врз едноставна логика. Доколку станува збор за академско признавање со цел продолжување на образованието, тогаш токму високообразовната установа која ќе го запише кандидатот располага со најголем капацитет да оцени дали претходно стекнатата квалификација обезбедува соодветна подготовка за следниот циклус на студии. Оттука, ограничувањето на улогата на универзитетите во ваквите процеси претставува ограничување и на самата академска автономија. Токму поради тоа, амандманските решенија подготвени во рамките на овој проект предлагаат поголема улога на високообразовните установи во процесот на академско признавање на странските квалификации. Наместо централизација на одлучувањето, се предлага модел во кој Информативниот центар обезбедува стручна поддршка и координација додека конечната академска проценка ја вршат самите високообразовни установи. Овој пристап е во согласност со принципот на институционална автономија и претставува обид за приближување кон современите европски практики. Притоа,

не станува збор за намалување на контролата или за создавање правна несигурност. Напротив, улогата на надлежните институции останува значајна, но се трансформира од улога на централен одлучувач во улога на поддршка, координација и обезбедување квалитет. Таквиот модел овозможува подобра рамнотежа меѓу академската автономија и јавната одговорност: високообразовните установи ја вршат академската проценка, а надлежните институции обезбедуваат стручна рамка, следење на практиките и контрола на законитоста.

Особено значајна е и потребата од дигитализација на процедурите за признавање. И покрај напредокот во дигиталната трансформација на јавната администрација, голем дел од процедурите поврзани со признавањето на квалификациите и понатаму се засноваат врз традиционални модели на документација. Барањето за доставување оригинални документи, нотарски заверени и сложени административни проверки создава дополнителни трошоци и ја намалува ефикасноста на системот.

Во услови кога сè поголем број европски институции користат дигитални дипломи, електронски регистри и системи за дигитална верификација, задржувањето на ваквите практики станува сè потешко оправдливо. Дигитализацијата не претставува само техничка модернизација туку и суштинска промена на начинот на функционирање на системот. Таа овозможува побрзи процедури, поголема транспарентност и намалување на административните трошоци за сите засегнати страни. Во таа насока, амандманските предлози предвидуваат користење дигитални средства за проверка на веродостојноста на документите секогаш кога тоа е возможно. Ваквото решение е во согласност со современите европски политики за дигитална трансформација и претставува важен чекор кон модернизација на системот. Тоа не ја исклучува потребата од проверка во сомнителни случаи, туку овозможува проверката да биде побрза, поекономична и попропорционална.

Покрај дигитализацијата, значајна е и ориентацијата кон автоматско признавање на квалификациите и ЕКТС кредитите во рамките на Европската област за високо образование. Иако целосното автоматско признавање бара поширока европска координација, националните политики можат значително да придонесат кон негово

постепено остварување преку усвојување на принципи што ја фаворизираат мобилноста и меѓусебната доверба.

Расправата за признавањето на квалификациите не е техничко прашање. Таа претставува показател за тоа како една држава го разбира високото образование. Систем што се темели врз административна контрола претпоставува дека ризикот од злоупотреба е поважен од потребата за мобилност и академска соработка. Систем што се темели врз институционална доверба, пак, претпоставува дека високообразовните установи и надлежните институции располагаат со доволно капацитет да обезбедат квалитет без непотребни административни ограничувања. Од таа перспектива, предложените амандмански решенија не треба да се гледаат како изолирани измени на поединечни членови од законот. Тие претставуваат дел од поширока реформска логика која настојува да го помести тежиштето од контролата кон довербата, од централизацијата кон автономијата и од административната процедура кон академската проценка.

Доколку Северна Македонија сака целосно да се интегрира во Европската област за високо образование, реформата на системот за признавање квалификации мора да претставува еден приоритетите. Без таква реформа, мобилноста ќе остане ограничена, а европските принципи ќе продолжат да постојат претежно како декларативни определби наместо како реални механизми на академска интеграција.

## Квалитет, акредитација и институционална доверба: случајот на научните институти

Едно од најчувствителните прашања во современите политики за високо образование е односот помеѓу автономијата и обезбедувањето квалитет. Постои мислење дека двете се спротивставени: колку е поголема автономијата, толку е поголем ризикот од намалување на квалитетот, и обратно. Сепак, развојот на Европската област за високо образование покажува дека најуспешните системи се оние кои успеваат да воспостават рамнотежа помеѓу институционалната слобода и јавната одговорност. Основната претпоставка на европските политики е дека квалитетот не се создава преку прекумерна административна контрола туку преку:

јасни стандарди, транспарентни процедури, надворешна евалуација, внатрешна култура на квалитет и доверба во институциите што ги исполнуваат утврдените услови. Оттука, клучното прашање не е како да се зголеми бројот на административни ограничувања, туку како да се обезбеди систем во кој институциите ќе имаат доволно автономија да работат, но и јасна одговорност за резултатите.

Во овој контекст се наметнува прашањето: што значи институционална акредитација ако по нејзиното добивање институцијата продолжува да биде предмет на дополнителни ограничувања и условувања? Доколку државата преку своите надлежни тела утврдила дека одредена институција ги исполнува сите законски и академски стандарди потребни за вршење високообразовна дејност, тогаш логично е таа институција да може самостојно да ги остварува правата кои произлегуваат од таквиот статус. Во спротивно, се доведува во прашање кредибилитетот на самиот систем за акредитација.

Токму ова прашање се наметнува во однос на положбата на научните институти во системот на високото образование. Во законските решенија се појавуваат дополнителни ограничувања според кои одредени институти би можеле да организираат студии од втор и трет циклус само доколку воспостават соработка со одредени категории универзитети. Ваквиот пристап отвора повеќе суштински дилеми што го надминуваат конкретното прашање на една законска одредба.

Пред сѐ, ваквото решение го отвора прашањето на довербата во сопствениот систем за обезбедување квалитет. Ако една високообразовна институција веќе поминала низ институционална и програмска акредитација, тогаш што дополнително гарантира обврската за соработка со друга институција? Ако акредитацијата не е доволна гаранција за квалитет, тогаш се доведува во прашање кредибилитетот на самиот систем за акредитација. Ако, пак, акредитацијата е валидна потврда дека институцијата ги исполнува сите потребни стандарди, тогаш дополнителните ограничувања тешко може да се оправдаат.

Овој проблем е особено значаен во контекст на научноистражувачката дејност. Во голем број европски држави, научните институти претставуваат значајни центри за истражување, образование, специјализирана експертиза и иновации. Нивната

вредност не произлегува само од формалниот и институционалниот статус, туку од научните резултати, истражувачките капацитети и меѓународната поврзаност. Поради тоа, европските политики генерално се движат кон поголема интеграција меѓу науката и високото образование, а не кон воспоставување дополнителни пречки меѓу нив.

Во овој контекст, посебно внимание заслужува прашањето на употребата на меѓународните рангирања како законски критериум. Во последната деценија може да се забележи растечка тенденција различни рангирачки системи да добиваат сè поголемо влијание врз креирањето на политиките во високото образование. Иако рангирањата можат да имаат одредена информативна вредност, нивната трансформација во законски критериум отвора сериозни концептуални и практични проблеми.

Најнапред, рангирањата не се создадени како инструменти за јавни политики. Тие се развиени како аналитички, споредбени и во одредени случаи комерцијални алатки со сопствени методологии, индикатори и приоритети. Различните системи на рангирање често произведуваат различни резултати затоа што користат различни критериуми за оценување. Оттука, нивното претворање во обврзувачки законски стандарди создава ризик јавната политика да се врзе за методологии што не се нужно приспособени на националниот систем и не подлежат на демократска контрола. Дополнително, ваквиот пристап може да доведе до замена на вистинските цели на високото образование со индикаторите преку кои тие цели се мерат. Наместо институциите да се фокусираат на квалитетот на наставата, развојот на науката и општествената релевантност и потребите на студентите, тие можат да бидат поттикнати да ги следат критериумите на конкретни рангирачки системи. Во такви случаи рангирањето постепено станува цел сама по себе, наместо инструмент за информирање на јавноста.

Ова прашање е особено чувствително за помалите образовни системи. Голем дел од глобалните рангирања се дизајнирани врз основа на модели карактеристични за големи истражувачки универзитети од економски развиени земји. Како резултат на тоа, институциите од помалите држави често се наоѓаат во структурно понеповолна позиција без оглед на нивниот реален придонес во националниот контекст. Тоа не

значи дека рангирањата треба да се игнорираат, туку дека треба да се користат внимателно и како еден од повеќето можни извори на информации, а не како автоматски законски услов.

Поради тоа, современите европски политики сè повеќе се насочуваат кон развој на механизми за обезбедување квалитет засновани врз принципите на Европската област за високо образование и ESG стандардите.[4] Наместо рангирањата да се користат како замена за оценувањето на квалитетот, тие треба да се третираат како дополнителна аналитичка алатка.

Во случајот на Северна Македонија, ова прашање има дополнителна димензија. Доколку законодавството предвидува дека научните институти можат да остваруваат одредени права само преку посредство на универзитети кои исполнуваат специфични рангирачки критериуми, тогаш фактички се создава хиерархија која не произлегува од националниот систем за обезбедување квалитет туку од надворешни и приватно дефинирани критериуми. Таквиот пристап не само што го ограничува институционалниот развој на научните институти туку и испраќа порака дека сопствениот систем за акредитација и обезбедување квалитет не е доволно доверлив. Наместо да се зајакнува улогата на националните институции и механизмите за оценување, индиректно се сугерира дека конечната потврда за квалитет мора да дојде однадвор. Од перспектива на јавните политики, ваквиот пристап е тешко одржлив на долг рок. Државата не може истовремено да инвестира во развој на сопствен систем за квалитет и да испраќа порака дека вистинската гаранција за квалитет се наоѓа надвор од тој систем. Ваквата противречност создава институционална несигурност и ја намалува довербата во националните механизми за евалуација.

Поради тоа, амандманските предлози што се однесуваат на положбата на научните институти треба да се разбираат како дел од поширока реформска логика. Нивната цел не е намалување на критериумите за квалитет, туку афирмирање на принципот дека институциите што ги исполнуваат законски утврдените стандарди треба да располагаат со јасно дефинирани права и одговорности. Квалитетот треба да се

[4] ENQA, ESG - Standards and Guidelines for Quality Assurance in the European Higher Education Area, revised edition, 2015.

обезбедува преку силни механизми за акредитација и евалуација, а не преку дополнителни административни ограничувања што ја релативизираат вредноста на веќе спроведените процедури.

Оттука, прашањето за научните институти е во суштина прашање за тоа каков систем на високо образование сака да развива државата: систем заснован врз доверба во сопствените институции и јасни стандарди или систем кој континуирано создава нови ограничувања затоа што не е подготвен целосно да им верува на механизмите што самиот ги воспоставил.

## Новиот предлог-закон за високото образование: континуитет или нови ограничувања?

Иако оваа анализа се фокусира на важечката законска рамка, неопходно е да се осврне и на новиот Предлог-закон за високо образование објавен на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР).[5] До крајот на мај 2026 година тој сѐ уште не беше усвоен, но предложените решенија се значајни затоа што укажуваат на можните идни насоки на развој на системот.

Во текот на јавната расправа, Наставно-научниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки достави мислење и коментари на текстот на Предлог-законот преку ЕНЕР, укажувајќи на повеќе прашања поврзани со автономијата, обезбедувањето квалитет и положбата на научните институти во системот на високото образование.

Особено внимание заслужуваат предложените решенија што предвидуваат мешовитите и приватните научни институти да можат да реализираат студии од втор и трет циклус само во соработка со универзитет рангиран меѓу првите три во државата или со странски универзитет рангиран меѓу првите двесте на ARWU листата.

Иако ваквите одредби на прв поглед можат да се толкуваат како механизам за обезбедување квалитет, тие отвораат неколку суштински дилеми. Пред сѐ, се

---

[5] Во април 2026, ННС на ИОХН-Скопје испрати Предлози за измени и дополнувања на предложениот текст на Предлог-законот за високо образование што беше објавен на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) во рамките на постапката за јавна расправа.

поставува прашањето за довербата во сопствениот систем за акредитација и обезбедување квалитет. Доколку една институција успешно поминала низ институционална и програмска акредитација и ги исполнува законските стандарди за вршење високообразовна дејност, тогаш дополнителното условување со задолжителна соработка со друга институција може да се толкува како индиректно доведување во прашање на кредибилитетот на самиот акредитациски систем.

Дополнително, ваквиот пристап создава различен третман на институциите. Наместо сите субјекти да бидат оценувани според исти критериуми: квалитет на кадарот, истражувачки капацитет, инфраструктура, научна продукција и усогласеност со стандардите за квалитет – одредени институции се ставаат во зависна положба без оглед на нивните реални капацитети. Тоа може да ја ограничи нивната автономија и да ја намали можноста за самостоен институционален развој.

Проблематично е и директното повикување на конкретни меѓународни рангирања како законски критериум. Рангирачките системи како ARWU, Scopus или Web of Science можат да бидат корисен извор на информации за меѓународната видливост и истражувачките перформанси на дел од универзитетите. Слично, базите како Scopus или Web of Science можат да бидат корисни за следење на научна продукција и цитираност. Сепак, нивните методологии се развиени за аналитички и информативни цели и не секогаш ги одразуваат спецификите на различните научни области, институционални модели и национални контексти.

Од аспект на јавните политики, поконзистентен пристап би бил институциите да се оценуваат врз основа на јасни и транспарентни критериуми утврдени во националниот систем за акредитација и обезбедување квалитет, усогласени со европските стандарди и насоки за обезбедување квалитет во високото образование. Рангирањата и библиометриските индикатори можат да имаат помошна аналитичка улога, но не треба да станат законски предуслов за остварување права и надлежности во системот.

Поради тоа, идните законски измени треба да избегнуваат создавање нови форми на институционална зависност и прекумерен формализам. Доколку целта е подобрување на квалитетот, тогаш тежиштето треба да биде ставено на зајакнување на механизмите за акредитација, надворешна евалуација,

транспарентност и отчетност. Доколку целта е поголема меѓународна конкурентност, тогаш треба да се поттикнуваат партнерства, мобилност и научна соработка, но без тие да станат законски предуслов за остварување права што веќе произлегуваат од исполнувањето на утврдените стандарди за квалитет.

Во таа смисла, научните институти што ги исполнуваат законските услови и успешно поминале низ акредитациските постапки треба да можат самостојно да вршат високообразовна дејност на втор и трет циклус студии. Сите сомнежи во однос на нивниот капацитет треба да се решаваат преку механизмите за акредитација и надворешно обезбедување квалитет, а не преку дополнителни ограничувања кои можат да ја намалат автономијата и да ја релативизираат вредноста на веќе воспоставените процедури.

На тој начин, расправата за новиот Предлог-закон не треба да се сведе само на прашањето дали одредена одредба е технички подобро или полошо формулирана. Таа треба да се разбере како дел од пошироката дилема за идната насока на високото образование: дали системот ќе се движи кон поголема автономија, доверба и одговорност, или кон нови форми на условување и централизирана контрола. За долгорочниот развој на високото образование, клучно е идните законски решенија да не создаваат дополнителни бариери, туку да ги зајакнуваат институциите што ги исполнуваат стандардите и имаат капацитет да придонесат кон развојот на науката и високото образование.

## Од амандмански интервенции кон системска реформа на високото образование

Во јавните дебати за високото образование често постои тенденција реформите да се сведуваат на расправа за поединечни законски одредби. Таквиот пристап создава впечаток дека станува збор за технички прашања што можат да се решат преку изолирани измени на одделни членови од законите. Сепак, вистинската трансформација на високото образование бара поширока визија за улогата на овој сектор во општеството, економијата, науката и европската интеграција.

Предложените амандмани не треба да се разгледуваат како одделни правни интервенции туку како елементи на една поширока реформска агенда. Иако тие се однесуваат на различни сегменти од законската рамка, тие произлегуваат од заеднички сет на принципи: академска автономија, институционална доверба, мобилност, дигитализација, обезбедување квалитет и подобра интеграција на високото образование со научноистражувачката дејност.

Првиот и најважен принцип е институционалната автономија. Речиси сите предложени измени директно или индиректно се насочени кон зајакнување на улогата на високообразовните установи како носители на академската одговорност. Без разлика дали станува збор за признавање на квалификации, организирање студиски програми или развој на научноистражувачка дејност, основната идеја е одлуките да се носат што е можно поблиску до институциите кои располагаат со релевантно знаење и експертиза.

Вториот принцип е институционалната доверба. Дел од постојните административните механизми се заснoваат врз претпоставката дека институциите не можат самостојно да управуваат со сопствените надлежности без постојана надворешна контрола. Ваквиот пристап создава комплексни процедури, ја намалува ефикасноста и ја ограничува способноста на системот да одговори на новите предизвици. Амандманските решенија настојуваат да го променат овој пристап преку воспоставување рамнотежа помеѓу автономијата и отчетноста.

Третиот принцип е мобилноста. Од самиот почеток на Болоњскиот процес мобилноста претставува една од неговите најзначајни цели. Не станува збор само за можност студентите да студираат во различни држави, туку и за создавање европски академски простор во кој знаењето, истражувачите и академскиот кадар можат полесно да се движат. Во тој контекст, процедурите за признавање квалификации не претставуваат споредно административно прашање, туку клучен инструмент за реализација на една од основните европски вредности.

Четвртиот принцип е дигиталната трансформација. Во услови кога голем дел од јавните услуги во Европа се дигитализираат, задржувањето на административни процедури што зависат од физички документи, нотарски заверки и сложени бирократски постапки станува сè потешко оправдливо. Дигитализацијата не треба

да се сфаќа како технолошки новитет туку како средство за подобрување на ефикасноста, транспарентноста и пристапноста на системот.

Петтиот принцип е интеграцијата на високото образование и науката. Во современите европски држави овие две области повеќе сè помалку се третираат како одвоени системи. Универзитетите, научните институти и истражувачките центри функционираат како делови од поширок екосистем на знаење. Оттука, секое решение што создава непотребни бариери меѓу образованието и научноистражувачката дејност ризикува да ја намали способноста на системот да создава иновации и да придонесува кон општествениот развој.

Од оваа перспектива станува јасно дека предложените амандмани имаат значење кое ги надминува конкретните законски одредби на кои се однесуваат. Тие претставуваат обид да се отвори поширока расправа за правецот во кој треба да се развива високото образование во Република Северна Македонија. Прашањето не е само дали одреден член треба да се измени, туку дали системот ќе се движи кон поголема автономија, доверба и отвореност или ќе продолжи да се потпира врз централизација, формализам и административна претпазливост.

Важно да се нагласи дека ниту еден од предложените амандмани не се залага за намалување на критериумите за квалитет. Напротив, нивната основна претпоставка е дека квалитетот може поуспешно да се обезбеди преку јасни стандарди, силни институции и транспарентни механизми на отчетност,отколку преку зголемување на административните ограничувања. Разликата е во тоа што тежиштето се поместува од контролирање на секој поединечен процес кон градење институции кои се способни самостојно да преземаат одговорност за сопствените резултати.

Во таа смисла, предложените амандмани можат да се разберат како придонес кон постепена промена на моделот на управување со високото образование. Наместо модел заснован врз централизација, детална регулација и административна контрола, се предлага модел кој се темели врз автономија, доверба, транспарентност и отчетност. Таквата трансформација е во согласност со европските трендови и со развојот на Европската област за високо образование во

последните две децении.

Истовремено, реформите во високото образование не треба да се разбираат како цел сама по себе. Нивната вистинска вредност се огледа во нивната способност да придонесат кон пошироките развојни цели на државата. Универзитетите и научните институти се меѓу најзначајните институции за создавање човечки капитал, научно знаење и иновации. Затоа секоја политика која ја зголемува нивната ефикасност, меѓународна поврзаност и институционална способност има директно влијание врз економскиот и општествениот развој. Ова е особено важно во услови кога Северна Македонија се соочува со демографски предизвици, миграција на високообразуван кадар и потреба од забрзана дигитална и зелена транзиција. Во таков контекст, високото образование не претставува само секторска политика туку стратешки инструмент за долгорочен развој и конкурентност на државата.

Предложените амандмани што беа подготвени и доставени до Министерството за образование и наука претставуваат повеќе од предлози за измени на одделни законски одредби. Тие артикулираат поинаква визија за високото образование: визија во која автономијата не е закана за квалитетот, довербата не е спротивна на отчетноста, а мобилноста и меѓународната отвореност се препознаваат како предуслов за развој на современ и конкурентен академски систем.

Доколку предложените амандмани бидат имплементирани, може да се очекуваат повеќе позитивни ефекти врз функционирањето на системот на високо образование. Најнапред, поедноставувањето на процедурите за признавање квалификации би придонело за намалување на административните бариери и побрзо остварување на правата на студентите и дипломираните лица кои стекнале квалификации во странство. Дополнително, поголемата усогласеност со принципите на Лисабонската конвенција и Европската област за високо образование би можела да придонесе кон зголемена академска мобилност и поинтензивна меѓународна соработка. Предложените измени би можеле да придонесат и за подобра интеграција на научноистражувачката дејност во системот на високото образование преку поактивно вклучување на научните институти во образовните и истражувачките процеси. Конечно, поголемата институционална автономија и намалувањето на непотребните административни ограничувања би

создале услови за пофлексибилен и поефикасен систем кој полесно ќе одговара на општествените и економските потреби.

## Препораки

Анализата на состојбите во високото образование и предложените измени на Законот за високо образование укажуваат дека е потребна постепена, но суштинска трансформација на образовниот систем. Фокусот не треба да биде само на формално усогласување на законските формулации со европските документи туку на создавање институционални механизми што ќе овозможат практична примена на принципите на автономија, мобилност, квалитет и меѓународна интеграција. Затоа ги предложуваме следните препораки поделени според седум области:
Во таа насока, се предлагаат следните препораки:

**Академска автономија и управување**

- Да се ревидираат законските одредби што создаваат непотребна централизација на одлучувањето во областите што претставуваат суштинска академска надлежност на високообразовните установи.
- Да се зајакне институционалната автономија на универзитетите и научните институти преку појасно разграничување меѓу регулаторната улога на државата и академската одговорност на институциите.

- Да се воспостави систем во кој државата ќе се фокусира на дефинирање стандарди, обезбедување транспарентност и следење резултати наместо на детално регулирање на академските процеси.
- Да се поттикне поголемо учество на академската заедница во креирањето политики преку редовни консултативни механизми со универзитетите, институтите, студентите, истражувачите и релевантните професионални тела.

**Признавање на квалификации и мобилност**

- Да се воспостави принципот дека академското признавање за целите на продолжување на образованието претставува примарна надлежност на високообразовните установи.
- Да се зајакне улогата на Информативниот центар како советодавно и координативно и поддржувачко тело, без ограничување на автономијата на високообразовните установи при академското признавање.
- Да се обезбеди системско усогласување со принципот на Лисабонската конвенција според кој квалификациите се признаваат освен ако не постојат докажани суштински разлики.
- Да се развијат национални политики кои постепено ќе водат кон автоматско признавање на квалификациите и ЕКТС кредитите во рамките на Европската област за високо образование.
- Да се намалат административните трошоци и времетраењето на постапките за признавање преку поедноставување на процедурите и елиминирање на непотребните формални барања.

**Дигитализација**

- Да се воспостави целосно дигитализиран систем за поднесување, обработка и следење на барањата за признавање квалификации.
- Да се овозможи користење електронски дипломи, дигитални сертификати и други форми на електронска верификација на документи кога тоа е возможно и правно сигурно.

- Да се поттикне интеграција на националните системи со европските дигитални платформи за размена и верификација на образовни квалификации.
- Да се обезбеди електронска евиденција на постапките, со цел поголема транспарентност, предвидливост и следливост на одлучувањето.

**Квалитет и акредитација**

- Да се зајакне улогата на Агенцијата за квалитет во високото образование преку континуирано усогласување со ESG стандардите и европските практики за обезбедување квалитет.
- Да се избегнува воведување дополнителни ограничувања за институциите кои веќе успешно поминале институционална и програмска акредитација, освен кога постојат јасни и оправдани причини поврзани со квалитетот.
- Да се развива култура на квалитет заснована врз саморефлексија, внатрешна евалуација и институционална одговорност наместо исклучиво врз надворешна контрола.
- Да се обезбеди дека критериумите за квалитет ќе бидат транспарентни, применливи и еднакво важечки за сите институции што вршат високообразовна дејност.

**Научно-истражувачка дејност**

- Да се поттикне поголема интеграција помеѓу високото образование и научноистражувачката дејност преку отстранување на непотребните институционални бариери.
- Да се создадат еднакви можности за научните институти кои ги исполнуваат утврдените стандарди за квалитет да учествуваат во развојот и реализацијата на студии од втор и трет циклус.
- Да се поттикнува меѓународната соработка врз основа на академски интерес и научен капацитет и квалитет на програмите, а не врз основа на формално пропишани ограничувања.

- Да се препознае улогата на научните институти како важен дел од екосистемот на знаење, особено во областа на истражувањето, докторските и постдипломските студии, интердисциплинарните програми и јавните политики.

**Рангирања и меѓународна конкурентност**

- Меѓународните рангирања да се користат како информативен инструмент за анализа на перформансите, а не како законски критериум за стекнување права и надлежности.
- Да се развијат национални индикатори за квалитет усогласени со европските стандарди и со специфичните потреби на македонскиот систем на високо образование.

- Да се поттикнува меѓународната конкурентност преку квалитет на програми, истражувачка продукција, институционална соработка и мобилност, наместо преку механичко врзување на законските права со конкретни рангирачки листи.

**Усогласување со европските политики**

- Да се воспостави редовен механизам за следење на усогласеноста на националните политики со препораките и развојните насоки на Европската област за високо образование.
- Во идните законски измени да се обезбеди суштинска, а не само формална усогласеност со европските принципи на автономија, мобилност, академска слобода и институционална доверба.
- Да се обезбеди дека јавните консултации за законските измени ќе бидат навремени, суштински и отворени за високообразовните установи, научните институти, студентите, истражувачите и професионалните здруженија.
- Да се развива систем на високо образование што ќе биде способен да одговори на предизвиците на дигиталната трансформација, зелената транзиција, демографските промени и растечката меѓународна конкуренција.

## Заклучок

Развојот на високото образование во Република Северна Македонија во последните две децении е обележан со континуирани напори за усогласување со европските образовни политики и со принципите на Болоњскиот процес. Значителен дел од законската рамка е веќе формално усогласен со клучните европски документи, а во институционална смисла се воспоставени повеќе механизми што постојат во рамките на Европската област за високо образование.

Сепак, главниот предизвик повеќе не е само нормативното усогласување, туку практичната примена на европските вредности и принципи. Во одделни сегменти од системот и понатаму се задржуваат пристапи засновани врз централизација, административна контрола и ограничена институционална доверба. Токму овие елементи претставуваат една од најзначајните пречки за понатамошен развој на високото образование.

Особено значајни се прашањата поврзани со академската автономија, признавањето на квалификациите, мобилноста, обезбедувањето квалитет и положбата на научноистражувачките институции. Овие области не претставуваат изолирани сегменти на образовните политики туку се суштински поврзани со способноста на системот да функционира како дел од поширокиот европски академски простор.

Анализата покажува дека академската автономија треба да се разбере како предуслов за квалитет, а не како ризик за него. Високообразовните установи и научните институти можат да бидат одговорни и иновативни само доколку имаат реален простор за академско одлучување. Истовремено, автономијата мора да биде придружена со јасни стандарди, транспарентни процедури, надворешна евалуација и јавна отчетност. Само таквата рамнотежа може да обезбеди систем што е и слободен и одговорен.

Во областа на признавањето квалификации, потребна е промена од административна контрола кон институционална доверба. Признавањето на странските високообразовни квалификации треба да биде брзо, транспарентно, дигитализирано и засновано врз принципот дека квалификациите се признаваат

освен ако не постојат докажани суштински разлики. Академското признавање за целите на продолжување на образованието треба да биде примарна надлежност на високообразовните установи, додека националните институции треба да обезбедуваат стручна поддршка, координација и надзор.

Прашањето на научните институти укажува на поширок проблем во разбирањето на квалитетот. Доколку една институција успешно поминала институционална и програмска акредитација, дополнителните ограничувања треба да бидат внимателно оправдани. Квалитетот треба да се обезбедува преку силни и транспарентни механизми за акредитација и евалуација, а не преку дополнителни условувања што можат да ја релативизираат вредноста на веќе воспоставените процедури.

Идните законски решенија треба да бидат особено внимателни при користењето на меѓународни рангирања и библиометриски индикатори. Тие можат да бидат корисни како аналитички и информативни алатки, но не треба да станат законски критериум за стекнување права и надлежности. Националниот систем за квалитет треба да се заснова врз јасни стандарди, европски насоки, транспарентни процедури и доверба во домашните институции.

Проектот „Застапување за инклузивен развој“ создаде простор за јавна дебата и формулирање конкретни предлози за подобрување на законската и институционалната рамка во високото образование и науката. Подготвените амандмански решенија и забелешките доставени во рамките на јавната расправа за новиот Предлог-закон за високо образование претставуваат придонес кон поширока реформска визија заснована врз академска автономија, мобилност, институционална одговорност, дигитализација и усогласеност со европските стандарди.

Значењето на овие предлози не се исцрпува во нивната непосредна законодавна функција. Нивната вредност е и во отворањето на поширока дебата за правецот во кој треба да се развива високото образование во следната деценија. Прашањето не е само како да се изменат одредени законски одредби, туку како да се изгради систем способен да одговори на предизвиците на дигиталната трансформација, зелената транзиција, демографските промени и растечката меѓународна

конкуренција.

Високото образование во Северна Македонија се наоѓа во фаза во која формалното усогласување со европските политики повеќе не е доволно. Следниот чекор подразбира создавање поавтономен, поотворен, поефикасен и поконкурентен систем, способен активно да учествува во Европската област за високо образование. Тоа бара законска рамка што нема само да регулира, туку ќе овозможува: мобилност, квалитет, доверба, иновации и институционален развој.

Оттука, идните реформи треба да се движат кон систем во кој државата поставува јасни стандарди и обезбедува надзор, но не ја заменува академската проценка; во кој институциите имаат автономија, но и одговорност; во кој признавањето квалификации ја олеснува мобилноста, а не ја блокира; и во кој квалитетот се гради преку доверба, транспарентност и силни институции.

Само таков пристап може да овозможи високото образование и науката да станат вистински двигатели на општествениот, демократскиот и економскиот развој на државата.

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development
and Cooperation SDC

CIVICA MOBILITAS | *Citizens for change!*

*Документот е дел од проектот „Застапување за инклузивен развој“, поддржан од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас, што го спроведуваат: Форумот за разумни политики (ФРП) заедно со Институтот за хуманистички и општествени науки-*

*Скопје (ИОХН-С) и Балканскиот Институт за Регионална соработка (БИРС). Содржината на овој документ е единствена одговорност на авторите од Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје и Форум за разумни политики, на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на владата на Швајцарија, Цивика мобилитас, или организациите што ја спроведуваат.*